**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп 1 бр. 07-341**
**01.09. 2014 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Известувањето Уп1 бр.07-341 од 01.09.2014 година од Трговското радиодифузно друштво ПРОДУКЦИЈА – ЛГН експорт – импорт ДОО Неготино, в.д. Директорот на Агенцијата го донесе следното:

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво ПРОДУКЦИЈА – ЛГН експорт - импорт ДОО Неготино.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското радиодифузно друштво ПРОДУКЦИЈА – ЛГН експорт - импорт ДОО Неготино на ден 01.09.2014 година до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави допис Уп 1 бр.07-341 во кој меѓу другото е наведено дека ТРД Продукција – ЛГН експорт – импорт ДОО Неготино не е во можност да го плаќа годишниот надомест за дозволата за вршење радиодифузна дејност на територија на општина Неготино и дека решиле да ја прекинат програмата и да го затворат радиото.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио или телевизиска програма. За престанок на важноста на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2).

Имајќи ги предвид напред наведените одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и доставеното Известување Уп 1 бр.07-341 од 01.09.2014 година исполнети се законските услови за бришење на радиодифузерот ТРД ПРОДУКЦИЈА – ЛГН експорт – импорт ДОО Неготино од регистарот на радиодифузери.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6

од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Известувањето Уп1 бр.07-341 од 01.09.2014 година од Трговското радиодифузно друштво ПРОДУКЦИЈА – ЛГН експорт – импорт ДОО Неготино, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**в.д. Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе приговор до Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво ПРОДУКЦИЈА – ЛГН експорт - импорт ДОО Неготино;
- Секретаријатот на Агенцијата;
- Секторот за правни работи;
- Сектор за меѓународна и европска соработка и односи со јавноста;
- Назначено лице за водење на Уписникот за предметите по првостепена управна постапка во Агенцијата (Уп 1).